**УЖ-1.бр.221/2024**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Б.Л. од Битола, поднесена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.822/2022 од 20.03.2024 година, за заштита на право на слободен пристап до информации од јавен карактер, на седницата на советот одржана на ден 06.11.2025 година, донесе:

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar | 18.12.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Prilogi | Вредност / Vlera |
| 08 | 34 | | |

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Б.Л. од Битола, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.822/2022 од 20.03.2024 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.822/2022 од 20.03.2024 година, тужбата на тужителот Б.Л. од Битола, против оспореното Решение на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-34 од 15.04.2022 година, ја одбил како неоснована.

Тужителот незадоволен од Пресудата на Управниот суд во законски предвидениот рок изјави жалба поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалба, испитувајќи го обжаленато решение во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд по одржана јавна расправа на која ги извел предложените докази правилно утврдил дека сега тужителот Б.Л. од Битола на ден 17.02.2022 година поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Битола, врз основа на кое побарала да и се достави препис од петицијата против подносителот на ова барање, директорката Лазаревска Бранка на ООУ Александар Турунџев с.Кукуречани - Битола, со прилог списокот на наставниците како и евентуални прилози на петицијата.

Врз основа на поднесеното барање од страна на Општина Битола било донесено Решение бр.11-21/2 од 21.02.2022 година со кое барањето на Б.Л. од Битола за слободен пристап до информации од јавен карактер се одбива. Ова од причина што Општина Битола не е имател на информацијата, односно доставената петицијата не содржела контакт на подносителот, поради што Општина Битопа не можела да изврши понатамошно проследување на барањето.

Незадоволен од Решението бр.11-21/2 од 21.02.2022 година Б.Л. од Битола на ден 25.02.2022 година, поднела жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер завдена под број 08-34. Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, постапувајќи по наведената жалба со Решение бр.08-34 од 04.03.2022 годинажалбата ја уважила и го поништила донесеното Решение на Општина Битола бр.11-21/2 од 21.02.2022 година.

Општина Битола како имател на информација постапувајќи по Решение на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-623 од 04.03.2022 година, донел Решение број 11-21/9 од 21.03.2022 година, со кое повторно го одбил барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер на барателот.

Во образложението на решението имателот на информација навел дека постапувајќи по Барањето за пристап до информацијата од јавен карактер и укажувањето содржано во Решение на Агенцијата бр.08-623 од 04.03.2022 година, во повторна оценка бил применет принципот на исклучок од слободен пристап на информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно, смета дека потпишаните наставници на петицијата може лесно да се идентификуваат, затоа што станува збор за вработени наставници во учулиштето со кое раководи директорот, на чие работење се однесуваат наведените жалби во петицијата а во содржината на петицијата наведени се конкретни лица и несакани ситуации со кои истите се соочувале, така што поради можност за нивно лесно идентификување, нема можноост за обезбедување делумен пристап до информацијата. Наведениот исклучок од слободен пристап до информации од јавен карактер е потврден со спроведен тест на штетност, од страна на пет лица, односно со констатации содржани во Записникот за спроведен тест на штетност бр. 11-21/8 од 12.03.2022 година.

Незадоволен од донесеното Решението број 11-21/9 од 21.03.2022 година, на Општина Битола, Б.Л. од Битола изјавила жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер која со Решение бр.08-34 од 15.04.2022 година, жалбата изјавена од Бранка Лазаревска од Битола, поднесена против Решението на Општина Битола бр.11-21/9 од 21.03.2022 година, донесено по барање за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на кое било побарано да и се достават препис од петицијата против подносителот на ова барање, директорката Лазаревска Бранка на ООУ Апександар Турунџев с.Кукуречани - Битола, со прилог списокот на наставниците како и евентуални прилози на петицијата, ја одбил како неоснована.

Б.Л. од Битола, незадоволна од Решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-34 од 15.04.2022 година, со тужба пред Управниот суд повела управен спор.

Управниот суд постапувајќи по тужбата одржал јавна расправа и донел Пресуда У-5.бр.822/2022 од 20.03.2024 година, со која тужбата на тужителот Б.Л. од Битола, против оспореното Решение на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-34 од 15.04.2022 година, ја одбил како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека одлуката на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 став 1 алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) Определени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: „тест на штетност" е задолжителна постапка која ја спроведува имателот на информацијата, пред да го одбие пристапот согласно со членот 6 став (1) од овој закон, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијат.

Согласно член 3 став 1 алинеја 7 од истиот закон Определени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: „јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап: 1) ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување; 2) ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3) ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4) ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5) ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6) ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7) ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Согласно член 6 став 1 од истиот законимателите на информации можат да одбијат барање за пристап до: 1) информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација; 2) личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци; 3) информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; 4) информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; 5) информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Согласно став 2, информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.

Согласно став 3, по исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Согласно став 4, ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Согласно член 20 став 1 од истиот закон ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Согласно став 2 од истиот член, решението од ставот (1) на овој член, со кое барањето делумно или целосно е одбиено задолжително содржи образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд со донесената пресуда не го повредил законот на штета на тужителот.

Овој суд имајќи ги во предвид цитираните законски одредби смета дека Управниот суд правилно заклучил дека во конкретниот случај тужениот орган правилно постапил кога одлучувајќи со сега оспореното Решение бр.08-34 од 15.04.2022 година, ја одбил како неоснована жалбата на сега тужителот поднесена против Решението на имателот на информации Општина Битола бр.11-21/9 пд 21.03.2022 година, донесено по барање на тужителот за да и се достави препис од петицијата против подносителот на ова барање, директорката Лазаревска Бранка на ООУ „Апександар Турунџев", с.Кукуречани - Битола, со прилог списокот на наставниците како и евентуални прилози на петицијата.

Имено тужениот орган правилно утврдил дека имателот на информации, во конкретниот случај Општина Битола, одлучувајќи во повторна постапка притоа имајќи ги во предвид напатствијата на тужениот орган Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, основано и во целост ги применил и почитувал законските одредби уредени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. И тужениот орган и првостепениот суд правилно утврдил дека имателот на информации своето постапување и одлучување во случајот го темели на одредбите од член 6 став 1 и 2 од напред наведениот Закон, односно правилно е одбиено барањето на барателот со образложение дека бараната информација содржи лични податоци и врз основа на констатациите по спроведен тест на штетност содржани во Записникот за спроведен тест на штетност бр. 11-21/8 од 12.03.2022 година, правилно утврдил дека не може да се овозможи делумен пристап до бараната информација бидејќи и со покривање на личните податоци би можело да се открие идентитетот на подносителите на петицијата што може да има штетни последици за потписниците на петицијата, што го прави неговото постапување законито и основано во целост. Дотолку повеќе што своите права тужителот може да ги остварува во други постапки пред надлежни институции, притоа имајќи ја во предвид и содржината на Записникот за спроведен тест на штетност бр.11-21/8 од 12.03.2022 година.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека се сторени суштествени повреди на постапката, дека неправилно и нецелосно е утврдена фактичката сосојба и дека неправилно е применет материјалниот закон,

но ваквите наводи Судот смета дека се неосновани и истите немаат влијание за поинакво одлучување по предметот, имајќи ги предвид цитираните законски одредби и образложението на првостепениот суд со кои се согласува и овој суд.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 06.11.2025 година под УЖ-1.бр.221/2024.

Записничар -судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник